Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 524 www.mchamber.mk 31.03.2023

# НОВИ БИЗНИС-ПАРТНЕРСТВА МЕЃУ АВСТРИСКИТЕ И МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ






## САМО ПРЕКУ ПОСИЛЕН ДОМАШЕН ИЗВОЗЕН СЕКТОР ДО ПОГОЛЕМ ЕКОНОМСКИ РАСТ

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители






Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## ПРОДОЛЖУВААТ ОБУКИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА НА ТЕХНИЧКИОТ КАДАР ВО РУДНИКОТ „САСА“ – МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА



Компанијата Рудник „САСА“ – Македонска Каменица, поддржувајќи го мотото дека вложувањата во човечкиот капитал значи вложување во иднината на компанијата во соработка со Советот за развој на тренингот и обуките при Стопанската комора и со поддршка на Бизнис центарот за тренинг и обуки ДООЕЛ, Охрид, продолжува со обуките за унапредување на знаењата на вработените во компаниите во насока на создавање позитивна организациска клима во компанијата.

Обуката за програмата „Обука за обучувачи“ која ќе ја следи втората група на вработените од компанијата ќе се реализира во траење од три дена во период од 29 до 31 март 2023 година. Обучувач на програмата е д-р Соња Ристовска. Преку програмата „Обука за обучувачи“ ќе се обезбеди инспиративно-мотивирачки однос на вработените за континуирано учење и надградување на нивните знаења и вештини и за развивање компетенции за меѓусебно разбирање и за справување со несекојдневните ситуации, како и за развивање свесен однос за донесување решенија прифатливи за сите.

# ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА СО ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ ВО ПОДДРШКА НА ДЕЈНОСТА




Претседателот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Комората Андреа Серафимовски, со дел од членовите на УО на самото Здружение оствари работна средба со претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски и неговиот раководен тим.

На средбата главен акцент беше ставен на функционалноста на градежната оператива на локално ниво со фокус на ниско градбата, но не помалку важен сегмент е и непречено функционирање и на високоградбата. Заеднички беше констатирано дека соработката со локалната самоуправа е од исклучително значење за компаниите од градежништвото, доколку се има за цел оптимално користење на нивната градежна оператива и капацитет. Како еден од проблемите со кои компаниите од градежниот сектор се соочуваат на терен е кавалитетот на изработка на проектната документација, одобренијата за



градба за истата, спроведувањето на јавните набавки и критериумите според кои се спроведуваат јавни набавки, изборот за најповолен изведувач, меѓу институционално кочење на донесување на Детални урбанистички планови кои значат развој за општините. Акцент во дискусијата се стави и на надзорот како клучна алатка за квалитетна изведба на проект.

Во услови кога глобалната криза продолжува во разни форми со сериозни штети по бизнисот, негативните ефекти врз градежништвото како клучна стопанска дејност имаат сериозно влијание изразено како преку пад на деловната активност, и намалување на бројот на вработени.

Бизнис секторот во континуитет алармира на постоење јавно – приватниот дијалог, како неопходност за креирање поволен деловен амбиент со укажување дека треба заеднички да се делува во насока на поддршка на домашните градежни компании.

Претседателот на ЗЕЛС, изрази задоволство и благодарност за иницијативата за поинтензивна соработка на оваа значајна стопанска дејност укажувајќи дека улогата и влијанието на локалната самоуправа е ограничена кога станува збор за поголеми инфраструктурни проекти, но има одлучувачка важност онаму каде општините имаат надлежност. ЗЕЛС е подготвен суштински да пристапи и затоа работни средби од ваков тип е наопходно да се чести. Ѓорѓиевски на средбата сепак укажа дека во постапките за нови градби важно е да се запазат сите процедури, да се обезбеди квалитет во изведбата, каде сите засегнати страни ќе бидат задоволни, а пред се граѓаните како крајни корисници.

Заеднички беше договорено да се реализира средба со Управниот одбор на ЗЕЛС, каде ќе бидат дефинирани сите заедничките активности, за понатамошна нивна разработка.

# Георгиева Јовевска: Ги убедуваме компаниите дека ние постоиме за нив и ние сме нивната поддршка, а од Австрија сакаме да го примениме најдоброто




Австриската федерална стопанска комора долги години наназад е предводник на трендовите и позитивен пример за сите комори од државите на Западен Балкан, воведувајќи најдобри практики за унапредување на националните економии и предводејќи ги трендовите во областите на дигитализацијата и образованието, како два основни столба за услугите кои ние ги обезбедуваме за нашите компании-членки. Многу успешни пракси во делот на дуалното образование применуваме токму по примерот на Австрија и сакаме тој процес да продолжи, истакна потпретседателката на Стопанската комора д-р Јелисавета Георгиева Јовевска во своето обраќање на Македонско-австрискиот економски форум „Зајакнување на деловните односи меѓу Северна Македонија и Австрија“.

„Оваа посета, како и претходните посети на австриските бизнисмени е одговор на можниот интерес за соработка што бизнисмените ја иницираат, а ние како стопански комори ја поддржуваме. За Македонија, Австрија е еден од дваесетте најголеми трговски партнери и еден од најголемите странски инвеститори во земјата. Австрија е голем пријател на нашата земја и силен поддржувач на нашите евроинтеграциски заложби. И на средбата утринава заеднички е констатирано дека има услови за продолжување на трендот на зголемување на трговската размена меѓу Македонија и Австрија. Имајќи предвид дека директните странски инвестиции се повисок степен на соработка од надворешно-трговската размена, ова е големо признание за македонската економија и потврда за нејзиниот потенцијал и за перспективите за иднината“, истакна Георгиева Јовевска.

Зборувајќи за досегашната соработка на компаниите од двете земји Георгиева Јовевска потсети дека во Виена на почетокот од 2019 година, во Австриската федерална стопанска комора, беше потпишан Меморандумот за соработка помеѓу Коморскиот инвестициски форум, Австриската федерална стопанска комора и Австриското федерално министерство за Европа, интеграции и надворешни работи, кое ја координира работата на Австриската агенција за развој. Меморандумот обезбедува австриска поддршка и пренос на добри практики, вештини и know-how за шесте комори од земјите на Западен Балкан, од што директен бенефит ќе имаат компаниите од целиот регион. Активностите во рамките на соработката која е воспоставена во рамките на Меморандумот се фокусирани на три клучни сектори: забрзување на процесот на дигитална трансформација на компаниите од целиот регион на Западен Балкан проследена со едукација и тренинг во областа на дигитализацијата, развивање на заеднички програми на средно стручно образование, првенствено со фокус на областа на дигитализацијата, но и зајакнување на бизнис интегритетот на компаниите од Западен Балкан, преку промовирање на чесни деловни практики и спречување на корупцијата.

Претходно потпретседателката на Комората имаше тет-а-тет средба со потпретседателката на Австриската федерална стопанска комора Марта Шултц, на која заеднички беше констатирано дека соработката ќе продолжи, посебно во делот на размена на искуства на примената на дуалното образование и добрите практики за прекфалификација и докфалификација на кадрите, нешто што во моментот недостасува во нашата земја и што е приоритет на Стопанската комората на Северна Македонија.

# НОВИ БИЗНИС-ПАРТНЕРСТВА МЕЃУ АВСТРИСКИТЕ И МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ




Стопанските комори на Македонија и на Австрија организираа Македонско-австриски бизнис-средби со цел поттикнување на соработката меѓу компаниите од двете земји (29.3.2023 година).

-Посетата на австриските бизнисмени во земјава е одговор на зголемениот интерес за соработка што го иницираат бизнисмените. Австрија е наш докажан партнер, но лани, за жал, Северна Македонија забележа негативна размена – извезуваме за 70-ина милиони помалку од што увезуваме. Тоа е сигнал дека треба да се поработи во делот на инвестициите кои ќе имаат излез на австрискиот пазар и затоа форсираме ситуација во која наместо австриските фирми да доаѓаат тука да инвестираат директно, да инвестираат преку joint venture со наши компании – истакна Антони Пешев, извршен директор на Стопанската комора на Северна Македонија.

-Деловната соработка меѓу компаниите од двете земји веќе 20 години континуирано се интензивира и се унапредува. Ова досега е најголемата бизнис-делегација од Австрија во посета на Стопанската комора – изјави регионалниот менаџер за Југоисточна и Источна Европа и за Централна Азија, Рихард Бандера, и во име на австриската бизнис-делегација искажа благодарност за добрата соработка и организација на денешниот настан.



-Дојдовме со намера да ги зајакнеме стопанските врски и стопанската соработка меѓу двете земји. Ние сме најголемиот инвеститор во Северна Македонија, а овде се и две фирми кои веќе изразија подготвеност да ги прошират своите инвестиции во секторите автомобилски делови и телекомуникации – изјави регионалниот менаџер за Југоисточна и Источна Европа и за Централна Азија, Рихард Бандера, пред Форумот.

Како дел од австриската делегација присутни беа 25 еминентни австриски стопанственици кои остварија директни деловни средби со повеќе од 60 македонски компании од различни области, и тоа од сферата на телекомуникациите, радиодифузери и кабелски компании, проектирање (од развој на проекти до надзор на изградба), високотехнолошки решенија во делот на роботиката и на автоматизацијата, снабдувачи на системи за индустриска вентилација и во други области.

Република Австрија е 20-ти трговски партнер на Република Северна Македонија за 2022 година. Вкупната трговска размена на Република Северна Македонија со Република Австрија во 2022 година изнесува 248 милиони САД $, што претставува раст од 5,19 % во однос на истиот период од минатата година. Притоа, остварен е раст од 2,14 % во извозот, што изнесува 88,5 милиони САД $, а увозното салдо бележи раст од 7 % и изнесува 160 милиони САД $.

Австрија е втор најголем инвеститор во Република Северна Македонија, земајќи ги предвид податоците од Централниот регистар на РС Македонија за последните пет години, при што Австрија во 2021 година има остварено најмногу инвестиции во земјава во износ од 101,5 милиони евра.

Во согласност со статистичките податоци за 2022 година, постои простор за поголема економска соработка, што во моментов треба да се поттикне и да се насочи правилно, затоа што евидентиран е негативен биланс во трговската размена од 71,4 милиони САД $.

Најзначајни австриски инвестиции во Република Северна Македонија се инвестициите во електроенергетскиот сектор (ЕВН Македонија), банкарскиот и финансискиот сектор (Шпаркасе банка), телекомуникацискиот сектор (А1 Македонија), во градежништвото (Соравија груп) итн.

# Како до поголема соработка помеѓу економиите од Западен Балкан - предизвици и можности




Комората организираше регионална конференција на тема: „Како да се обезбеди поголема соработка помеѓу економиите од ЗБ - предизвици и можности", во рамки на Проектот "Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", во партнерство со УСАИД

Нејзината екселенција Анџела Прајс Агелер, Амбасадор на САД во Северна Македонија, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Северна Македонија и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските сектори и инвестиции, се обратија на почетокот на Конференцијата пред присутните претставници на бизнис заедницата од земјите од регионот како и пред претставниците на Коморите од ЗБ6 и дипломатскиот кор.

Амбасадорката на САД во Северна Македонија Анџела П. Агелер исткана „Иднината на регионот е во ваши раце. Вие - приватниот сектор, мора да придонесете во решавање на најголемите предизвици кои се пречка за инвестициите, ги попречуваат иновациите и креираат економска нестабилност. Барајте владеење на правото, помогнете во борбата со корупцијата и лобирајте за подобрена инфраструктура и поврзаност во регионот."

Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески во своето обраќање акцент стави на неколку прашања. „Се`уште во нашиот регион историјата и политиката се доминантни во однос на економијата и бизнисот. На балканските политички елити 30 години им беше потребно да сфатат дека регионалната политика и пристап во работењето не е враќање кон старата Југославија туку приклучување кон западните прогресивни вредности и дека за успешна регионална интеграција потребни се иницијативи од самите земји во регионот на Западен Балкан, по успешниот пример на Вишеградската група. Не само што сме поединечно мали, туку и вака здружени во ЗБ ние сме како регион мали. Тоа значи дека треба да вложуваме максимални напори, за да ги подобриме сите перформанси кои се битни за зголемување на извозот и за создавање на конкурентни производи кои со својата цена со својот квалитет, ќе можат да се носат со конкуренцијата на другите пазари. Ако тоа не го правиме ние го доведуваме во прашање развојот на бизнисот."



Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските сектори и инвестиции истакана - „Регионалната соработка овозможува раст и развој на економите. Предизвиците не се пречка, тие се шанса за заедно да ги надминеме и заедно да ги мултиплицираме шансите и можностите кои се отвораат пред нас.

Продлабочувањето на економската интеграција и соработка помеѓу државите од Западен Балкан преку сите постоечки иницијативи е приоритет на сите народи од нашиот регион. Ова треба да биде Балканот на 21виот век. Регионалната конкурентност е клучот кој ја отвора вратата за просперитет на Западен Балкан".

Во рамки на Конференцијата се реализираше и панел дискусија со фирми од регионот на Западен Балкан во насока на истакнување на позитивните примери и добрите пракси, како и за можностите, проблемите и предизвиците за зголемување на регионалната соработка. Беше презентирана и Студија за можностите за поттикнување на поголемо ниво на регионална соработка, чиј креатор професор д-р Дарко Лазаров главен експерт и претседател на Клубот на извозници при Комората, ги презентираше можностите за интензивирање на трговската размена помеѓу земјите од Западен Балкан. Стручно изведената анализа изработена за потребите на Проектот на Комората во партнерство со УСАИД е прва од ваков вид во регионот која на еден поинаков начин, преку детална разработка на податоци на ниво на поединечен производ и пазар ги анализира тековните состојби но многу поважно ги мапира неискористените интра регионални трговски потенцијали.

Преку проектот "Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", УСАИД ја поддржува Стопанската комора на Северна Македонија во напорите да овозможи подобра интеграција на бизнисите во регионалните и глобалните вредносни синџири и засилување на нивниот капацитет за да бидат конкурентни на Западниот Балкан и пошироко во ЕУ. Идејата е да се создадат алатки за јавно-приватен дијалог, промоција на придобивките од регионалната економска интеграција на деловната заедница, истражување и унапредување на можностите за извоз и обезбедување одржливи услуги за извозните компании.

# Бизнис Платформата ЕУ-Западен Балкан на едно место во Скопје ги собра бизнисите од регионот и креаторите на политики од ЕУ




Бизнис Платформата ЕУ-Западен Балкан денеска на едно место во Скопје ги собра бизнис заедницата од регионот, претставена преку Бизнис Советот на Коморскиот инвестициски форум и креаторите на политики од Европската Унија.

На настанот учествуваа високи претставници од Европската Унија и различните директорати, регионалните институции кои работат на економската агенда во регионот и претставници на бизнис-секторот кои дискутираа за клучни прашања од аспект на унапредување на интра-регионалната соработка, но и подобро подготвување на компаниите од регионот да се приклучат кон единствениот пазар на ЕУ.

Бранко Азески, ко-претседател на Коморскиот инвестициски форум и



претседател на Стопанската комора на Северна Македонија изјави дека ваквиот дијалог ќе придонесе за расчистување на административните, регулативните и техничките прашања кои се важни за компаниите од регионот на Западен Балкан, но и ќе придонесе приватниот сектор од регионот подобро да го разбере функционирањето на единствениот пазар на ЕУ кон кој компаниите ќе треба да го приспособат своето работење.

„Работиме на проектни активности кои се врзани за четири значајни работи, а тоа се: подобрување на инфраструктурата, решавање на бариерите кои што постојат за да го убрзаме протокот на стоки и услуги, да направиме заедничка авиокомпанија која ќе не поврзе, зашто денеска за да одиме во Сараево треба да летаме преку Истанбул или Виена, а тоа не е добра препорака за ништо, а најмалку за бизнисот. И да ги решиме прашањата кои се врзани за сертификационите тела и документи што ќе го забрзаат исто така, протокот на стоки и услуги“, изјави Азески.

Претседателот на Коморскиот инвестициски форум, кој истовремено е и претседател на Стопанската комора на Косово Лулзим Рафуна истакна дека од исклучително голема важност е зајакнување на соработката на бизнис секторот од земјите од Западен Балкан и Европската Комисија.

„Тука сме за да ги подготвиме бизнисите за пазарот на Европската унија. Задоволен сум што КИФ има завршено одлична работа во изминатиот период и имам позитивен став за сите работи кои што ќе се случуваат во иднина, заедно со господинот Азески, зашто ја имаме поддршката од сите засегна страни, како и од донаторите. Нашата работа е всушност да бидеме мост и помош за бизнисите при процесот на дигитализацијата, зелената агенда и останатите можни предизвици кои што ги носи членството во ЕУ. Кога сме тука собрани и соединети, ќе ја искористиме оваа можност Стопанската комора на Србија и Стопанската комора на Косово во еден заеднички дијалог да ги надминеме бариерите кои што ги имаме меѓу овие две земји„, истакна Рафуна.

Во рамки на настаните кои КИФ  ги организираше во Скопје овие два дена се одржа и седница на Управниот одбор на КИФ на кој што Татјана Штерјова Душковска беше реизбрана за уште еден мандат на позицијата генерален секретар на Коморскиот инвестициски форум.

# ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ САМО ПРЕКУ ПРОИЗВОДИ СО ПОГОЛЕМА ДОДАДЕНА ВРЕНДОСТ




Повеќе од 15 години Стопанската комора активностите ги насочува во поголема помош, поддршка и подготовка на бизнисите во освојување на други пазари, склучување нови партнерства, во градење на нивната конкурентност, а сето тоа со цел извозот во периодот кој следи да биде главниот мотор на економскиот раст на земјата. Јасно ни е на сите дека предизвик на секоја економија е како да го зголеми својот извозен потенцијал, и во услови на глобална конкуренција да се понудат добра и услуги со додадена вредност кои по цена и квалитет се конкурентни на странските пазари.

Токму од тие причини грабиме во исполнување на оваа зацртана цел преку низата проектни активности на кои веќе работиме. За да се зајакнат извозните капацитети и конкурентноста на извозните компании потребна е поддршка која ќе биде обезбедена преку интензивирање на регионалната деловна соработка и преку олеснување на трговските бариери, со цел да се искористат можностите за нашата деловна заедница што ги нудат Заедничкиот регионален пазар и интернационализацијата на бизнис-секторот.

Во изминативе девет месеци од почетокот на проектот “Поддршка на приватниот сектор за регионална економска интеграција” што Стопанската комора го имплементира во партнерство со УСАИД, кој ќе трае до јуни 2025 година, реализиравме серија настани, директни средби со компании од повеќе плански региони во нашата земја, зборувавме за придобивките од проектот, за можностите што ги нуди во насока прво на поголема соработка помеѓу економиите од Западен Балкан, а во следна фаза и кон Европската унија, но и трети пазари како потенцијал за раст на извозната конкурентност на регионот во целост.

Веќе работиме и на испорака на конкретна поддршка за голем број на извозно ориентирани компании преку обезбедување на техничка и стручна помош при воведување на меѓународни стандарди за квалитет, развивање и имплементација на нови дигитални решенија и алатки, изработка на проектни апликации за пристап до финансии за реализација на инвестициски проекти и изработка на маркетинг стратегии за извоз, со цел градење на капацитетите за пристап до нови пазари. Во периодот кој следи, ќе работиме на поголема промоција на компаниите преку организирани настапи на реномирани меѓународни саемски манифестации, организирање на купувачки мисии со носење на таргетирани странски купувачи во земјата и на други форми на трговска промоција.

Преку Проектот веќе го операционализиравме Националниот совет за извоз (НСИ), со кој претседава Стопанската комора чиј претседател Бранко Азески, како тело преку кое ќе се одвива јавно-приватниот дијалог и ќе се третираат сите области и прашања поврзани со извозот, место каде ќе се канализираат сите предизвици и пречки со кои се соочуваат компаниите во нивните извозни активности не само во регионот, туку и пошироко. Ќе бидат адресирани конкретни мерки за олеснување на трговијата, елиминирање на трговските бариери, како и предлог политики за зголемување на конкурентноста на извозниот сектор и искористување на можностите кои се нудат во рамките на регионалните иницијативи и интеграциските процеси на Македонија во ЕУ.

Сумарно, со сите активностите кои ги реализираме во проектот, нашата цел е да дојде до менување на состојбите, подобрување на постојната извозна структура и потикнување на процесот на извозна диверзификација преку градење капацитети и оспособување на нови извозни компании, како и преку подобрување на капацитетите на постојните извозни компании со цел отпочнување на производство и извоз на нови производи со поголема додадена вредност и поттикнување на извозот на постојните извозни производи но на нови пазари.

# ПРЕКУ ДИЈАЛОГ СО РЕЛЕВАНТНИ ИНСТИТУЦИИ, ГРАДЕЖНИОТ ДОМАШЕН СЕРКТОР МОЖЕ ДА ИСПОВРАЌА ПОЗИТВЕН ЕФЕКТ



Градежниот сектор во своето делување голем дел од активностите ги реализира на локално ниво, и во директна соработка со надлежните во општините. Во таа насока, соработката со локалната самоуправа е од исклучително значење за компаниите од градежништвото, доколку се има за цел оптимално користење на нивната градежна оператива и капацитет.

На седница на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Северна Македонија, беше констатирано дека е потребна да се реализира средба со раководството на ЗЕЛС - Заедницата на единиците на локалната самоуправа, во насока на одржување на континуитет во работењето.

Темите кои се клучни и од заеднички интерес се постапките за добивање одобрение за градба, следење на измените во усвојувањето на новиот тарифник за проектирање, усогласување на Генералниот урбанистички план со Деталните урбанистички планови, реализација на капиталните проектите во нискограба, како и кавалитетот при нивна изведба, се дел од темите за кои е потребно длабока дискусија.

За таа цел Здружението при Комората, на седницата на која беа присутни дел од членовите, констатираа дека е важно одржување на заедничка средба со ЗЕЛС, за дефинирање на одредени идни заеднички активности.



# САМО ПРЕКУ ПОСИЛЕН ДОМАШЕН ИЗВОЗЕН СЕКТОР ДО ПОГОЛЕМ ЕКОНОМСКИ РАСТ



Домашниот извозен сектор треба да биде во фокусот на вниманието на креаторите на економски политики доколку сакаме да се надеваме на посериозен економски исчекор на земјата и забрзување на економскиот раст, посочувајќо дека ние сме мала економија со ограничен пазар и затоа треба вниманието да го насочиме кон градење на конкурентниски предности на нашите компании на регионалните и глобалните пазари. Говорејќи за состојбите и предизиците на извозниот сектор посочи дека извозната структура е прилично неповолна, а истовремено се соочуваме со висока извозна концетрација од повеќе аспетки. Дополнително, извозот на странските компании од ТИРЗ кои имаа значајно учество во вкупниот извоз на земјата има мала домашна додадена вредност што е причина зошто извозот на земјата во изминатиот период нема значително влијание за поголем економски раст, посочи Лазаров. Тоа се пресликува и во платниот биланс на земјата каде има хроничен трговски дефицит кој има неповолен растечки тренд особено во 2022 година што во еден значаен дел беше резултат и на енергетската криза, посочи Лазаров.

Тој зборуваше и за новиот концепт на Клубот на активности, како и за конкретните активности и форми на поддршка што Стопанската Комора на Северна Македонија ги обезбедува преку проектот што Комората го имплементира во партнерство со УСАИД, но и преку другите форми на услуги и алатки кои се креираат со цел целосна поддршка на домашните извозно ориентирани компании. Целта е да се помогне на извозните компании во подобрување на конкуретнските предности и поголема промоција со цел освојување на нови пазари преку вмрежување и воспоставување на трговски партнерства, како и преку поголема препознатливост и видливост на нашите производи на меѓународните пазари.

Истовремено, тој посочи дека во рамки на самиот проект се формираше за прв пат Национален совер за извоз со кој ќе раководи Комората што е гаранција дека бизнис секторот во соработка со надлежните институции ќе работи на подобрување на условите за домашните извозни компании. Овој совет претставува механизам за јавен-приватен дијалог помеѓу претставниците на извозните компании од различни сектори и индустрии, од една страна, и Владата заедно со надлежните институции од друга страна.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Семинар
06.04.2023

# ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Законот за заштита на личните податоци нуди заштита на личните податоци на сите физички лица чии што лични податоци една компанија ги обработува. Помислата секогаш не води кон заштитата на личните податоци на нашите клиенти, соработници, посетители, итн., но тука спаѓаат и личните податоци на нашите вработени. Како вработените лица се однесуваат во улогата на субјекти на лични податоци, а како работодавачите да се однесуваат како контролори?

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 6 април 2023 година (четврток), организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ, согласно (Законот за заштита на личните податоци, „Сл. весник на РСМ, бр. 42 од 16.02.2020 година”).

На оваа обука, посетителите ќе се стекнат со знаење за тоа како работодавачите-контролори треба да го постават системот за заштита на личните податоци кој ќе ги опфаќа и личните податоци на своите вработени. Кои лични податоци смеат да ги обработуваат, во колкав обем, врз база на кој законски основ, колку време смеат да ги чуваат и слично. Дали можат да се потпрат на согласноста во работните односи? Како да им овозможат на своите вработени да си ги остваруваат своите права како субјекти на лични податоци? Како да се постават во однос на кандидатите за вработување? После оваа обука, слушателите ќе се стекнат со конкретни знаења за обработката на личните податоци на вработените и каниддатите за вработување.

**Предавач:**

Мартин Лазаревски, ISO27001 Lead Auditor – консултант за заштита на лични податоци во Инфиго ИС.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
11.04.2023

# КОНТРОЛИНГ ВО МАГАЦИНСКОТО РАБОТЕЊЕ СО ОПТИМИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ НА ЗАЛИХИТЕ

Стопанската комора на Северна Македонија на 11 април 2023 година (вторник) организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: КОНТРОЛИНГ ВО МАГАЦИНСКОТО РАБОТЕЊЕ СО ОПТИМИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ НА ЗАЛИХИТЕ. Контролингот ги обединува сите процеси од работењето на компанијата, преку него менаџментот може да добие квалитетни информации за сите активности на компанијата и врз основа на истите да креира деловни одлуки кои го унапредуваат работењето.

Цел на семинарот:

Запознавање на учесниците на семинарот со:

- Менаџмент на магацинското работење со фокус на оптимизација на залихите;
- Учесниците во магацинското работење - добавувач, интерни сектори - набавка, продажба, магацин, купувач;
- Интерна комуникација во организацијата – набака & магацин, продажба & магацин;
- Комуникација со добавувачите;
- Приоритети на магацинското работење;
- Оценување на добавувачите – критериум за оцена;
- Студија на случај со вежби.

Предавач:

- Игор Ќика, дипломиран инженер по менаџмент и консултант за менаџерски системи, директор на PDCA KONSALTING, ДОО Нови Сад,

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар**
**25.04.2023**

# ПРЕДИЗВИЦИ И ИЗНАОЃАЊЕ НОВИ АЛАТКИ И МОЖНОСТИ ЗА ПОДДРШКА НА ФИРМИТЕ

Стопанската комора на Северна Македонија продолжува со организација на бесплатните предавања за компаниите со цел поголема популаризација и афирмација на предностите од користењето на медијацијата во нашата држава. Во услови на нарушена ликвидност на компаниите, а со цел рационализација на нивните трошоци, зачувување на добрите деловни односи со партнерите и поголема предвидливост на настаните во следниот период, како една од најповолните алатки за решавање на сегашен или иден спор на компаниите, особено се препорачува користењето на медијацијата. Стопанската комора на Северна Македонија, за популаризација и афирмација на медијацијата, институционално е поддржана од Меѓународната финансиска корпорација ИФЦ – групација на Светска банка. Бесплатните предавања за бизнис заедницата ќе продолжат да се реализираат на 25, 26 и 27 април 2023 година во Кичево, Скопје и Битола.

Во тој контекст, првото бесплатно предавање на Стопанската комора на Северна Македонија и на Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) на тема: Предизвици и изнаоѓање нови алатки и можности за поддршка на фирмите-рани знаци на предупредување за настанување на инсолвентност и користење на медијацијата во решавање на стопанските спорови, ќе се одржи во Регионалната комора со седиште во Кичево на 25 април 2023 година (вторник) од 11.00 до 13.30 часот (Кузман Јосифовски Питу 66, Кичево).

Предавачи:
- Д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска,
- Дејан Костовски

Контакт лица:
Дијана Лазороска
++ 389 45 257067
dijana@mchamber.mk

БИЗНИС ИНФО 

**Семинар**
**27.04.2023**

# ФИНАНСИИ ЗА НЕ-ФИНАНСИСКИ МЕНАЏЕРИ СО КОРИСТЕЊЕ НА ЕКСЕЛ

Обуката е наменета за оние кои сакаат да го подобрат своето разбирање на финансиските аспекти на своите одлуки, во однос на тоа какво влијание имаат на билансот на успех, билансот на состојба или извештајот за парични текови. Преку комбинација на предавања со практични вежби и интерпретација на финансиските извештаи, оваа обука ќе им помогне да ја разберат моќта на финансиските податоци, со цел донесување на профитабилни деловни одлуки.

Програмата за тренингот е така дизајнирана да им обезбеди на слушателите, кои не се на финансиски позиции, практично разбирање на финансиите и сметководството.

Семинарот е така конципиран да обезбеди разбирање и за слушатели кои немаат претходни знаења од сметководство и финансии.

Преку овој еднодневен семинар - работилница ќе дознаете како да ги примените современите ексел алатки за следење и анализа на финансиите во компанијата.

Предавач:
Проф.д-р Зоран Ивановски




Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
27.04.2023

## ДЕФИНИЦИЈА, СОДРЖИНА И ВИДОВИ НА ТУЖБА, ДОКАЗИ ВО ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА, УПОТРЕБА НА ВЕШТАЧЕЊЕ КАКО ДОКАЗ ВО ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ И НИВНИТЕ ПОЈАВНИ ОБЛИЦИ, ПРОЦЕСНИ ПРАВИЛА СУШТИНСКИ ЗА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

Организираност и придобивки од семинарот:

Овој еднодневен семинар е организиран по принцип на тренинг-обука, со цел учесниците низ предавања и практични примери од пракса да се стекнат со нови и да ги унапредат постојните знаења во областа на општиот процесен дел од Законот за парничната постапка и работните спорови, како и да се запознаат со конкретни предизвици кои се јавуваат низ секојдневното практицирање на одредбите од Законот, употребата на вештачење како доказ низ содржината на член 235 од Законот за парничната постапка, изведување на супервештачење како доказ во постапката, како и со особености на работните спорови во нивните појавни облици, повреда на работниот ред и дисциплина и работните обврски на работникот, и негова одговорност според одредбите на Законот за работните односи и Законот за административни службеници.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за сите вработени во правните служби, адвокатите и правни практичари кои се инволвирани во судски постапки поврзани со сите области на граѓанското право, со посебен акцент на работните спорови, менаџери во компаниите, управители на друштва, вработени во секторите за управување со човечки ресурси, како и за сите останати кои сакаат да го усовршат и надградат своето знаење или истото да го потврдат во делот на работните спорови, како и да се запознаат со измените извршени во 2015 година на Законот за парничната постапка и предлог Законот за парничната постапка кој е предвидено да биде изгласан во Собранието на Република Северна Македонија, низ призма на искуството на двајца правни практичари.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
27.04.2023

## ПРОМЕНИ ВО ОБЛАСТА НА ПЛАТЕЖНИТЕ УСЛУГИ И ПЛАТНИТЕ СИСТЕМИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 27 април 2023 година, организира еднодневна работилница на тема: „Промени во областа на платежните услуги и платните системи кои произлегуваат од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Македонија" бр. 90/22 со примена од 1 јануари 2023 година ").

Водејќи се од забележаниот зголемен интерес за разбирање на новините кои прозилегуваат од Законот за платежни услуги и платни системи, а во насока на приспособување кон менливите околности, на оваа работилница ќе се дискутира појавата на новите играчи на пазарот на платежни услуги, можностите за користење на платежни услуги од новите даватели на платежни услуги, новините кои произлегуваат од диверсификацијата на платежните услуги и евентуалните прилагодувања во бизнис секторот.

Работилницата ќе има интерактивен пристап со практични објаснувања и примери.

Предавачи:

-д-р Игор Величковски, директор Дирекција платни системи, Народна банка на Република Северна Македонија и

-м-р Биљана Доновска Гечева, самостоен советник, Дирекција платни системи, Народна банка на Република Северна Македонија.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар**
**05.05.2023**

# EMPLOYEE ADVOCACY - КАКО ДО НАЈДОБРИ МАРКЕТИНГ РЕЗУЛТАТИ ЗАЕДНО СО ВАШИТЕ ВРАБОТЕНИ

Интерактивниот семинар се фокусира на запознавање со Employee Advocacy како концепт, совладување на најпопуларните техники на поттикнување на advocacy и осознавање на причините за успех на компаниите кои имаат развиени Employee Advocacy системи.

Која е целта на семинарот:

Семинарот има за цел да ги запознае посетителите со овој начин на екстерна комуникација, да претстави методи и техники за нејзино поттикнување и да ги подготви посетителите самите да ги спроведуваат во склоп на нивните компании или организации.

За кого е наменет семинарот?

Овој семинар е наменет за претставници на маркетинг и PR секторите во компаниите, како и лица задолжени за екстерна комуникација. Семинарот е на почетничко ниво – за посетители кои не се запознаени со тематиката или имаат само мало почетно знаење.

Начин на работа:

Овој семинар е наменет за претставници на маркетинг и HR секторите во компаниите, како и лица задолжени за екстерна комуникација. Семинарот е на почетничко ниво – за посетители кои не се запознаени со тематиката или имаат само мало почетно знаење/искуство.

Предавач: Ива Дујак

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Online Бизнис средби**

**08.05.2023**
**10.05.2023**

# „7th International B2B Software Days" - „виртуелни" билатерални деловни средби, 8-10 мај 2023 година, Виена, Австрија

Стопанската комора на С. Македонија, во соработка со Австриската агенција за промоција на истражувањата, Австриската стопанска комора, Advantage Austria-организација за унапредување на трговијата на Австриската федерална стопанска комора, Виенската деловна агенција и Виенскиот Универзитет за технологија преку ЕЕН–Европската мрежа на претприемачи, Ве покануваат да учествувате на виртуелни деловни средби „7th International B2B Software Days".

На настанот предвидено е да учествуваат над 2000 учесници пред кои ќе бидат презентирани фасцинантни наоди од Software AG, KTM, Red Hat, TU Vienna, како и организирани работилници на следните теми: Metaverse, Feature development, IP Strategy, Security, визуелизација на податоци. Агендата за тематските работилници можете да ја погледнете на следниот линк: https://2023.b2bsoftwaredays.com/components/26499 .

Виртуелниот настан претставува одлична можност за презентирање на стартап идеите, промоција на деловни понуди и барања преку австрискиот пазар пред 50-интернационални инвеститрои, воспоставување на контакти со потенцијални партнери за соработка, како и давање на значаен придонес за корпоративните предизвици преку креативните лабаратории. Оваа година партнерска земја на тимот е Ирска.

Учеството на настанот е бесплатно. Работен јазик е англискиот. Регистрацијата е отворена до 8 мај 2023 година на следниот линк: https://2023.b2bsoftwaredays.com/signup .

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100 години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088